гарија, бидејќи било познато дека наведената организација подготвувала востание во Македонија без оглед на готовноста на народот и на меѓународната ситуација. МРО забраната ја прифатила со одобрување и олеснување.

Во последната XIX глава е прикажан односот на Бугарија спрема Илинденското востание (317 — 363). Прво се зборува за формирањето на новата бугарска влада и нејзиниот однос кон Турција, и спрема Илинденското востание, како и ставот на Турција и големите сили спрема него. Посебно се подвлекува дека е против радикалните мерки кога станува збор за реформата, а владеачките кругови на Турција против секакво прифаќање на реформи диктирани од надвор, бидејќи тоа ќе претставува повреда на суверенитетот на земјата. Битоски прикажува и како изгледа официјална Бугарија во времето од Илинденското востание од 1903 година. Станува збор и за Врховниот комитет и Илинденското востание и ставот на македонската емиграција во Бугарија спрема илинденските настани во Македонија.

Книгата содржи заклучок (365 — 375), кој е преведен на руски (377 — 387) и англиски јазик (389 — 399). Делото содржи и преглед на најважните извори и литература (403 — 405) како и регистар на лични имиња (407 — 412).

Со мислење сме дека делото треба да има наслов „Односите меѓу МРО, односно меѓу Македонија и Бугарија од 1893 до 1903" бидејќи тоа навистина и е дадено, додека под овој наслов би требало многу повеќе да се зборува за општествено-економската положба на обете земји во назначениот период. Сепак од прикажаното се гледа дека се поставени многубројни проблеми со познавање и научно обработени со уочување на битните етапи во развитокот и причините и последиците на некои настани, и процеси. За истакнување е убавиот јазик и стилот со кој авторот го напишал ова дело.

М-р Милица С. БОДРОЖИК

Превела од српски јазик

Марица СЕРАФИМОВА

**ГЛАСНИК бр. 2, год. XX, Скопје, 1976, 309. — ИНИ.**

Во текот на 1976 година Институтот за национална историја — Скопје го издаде вториот број на списанието „Гласник".

Вториот број на „Гласник"-от на своите 309 страници ги опфаќа постојните рубрики *Статии и прилози, Материјали, Сеќавања, Критики, Рецензии и прикази, Научни собири и соопштенија*. Во него се третираат теми главно од областа на народноослободителната борба на југословенските народи и народности, како и од блиското македонско национално-револуционерно движење.

Рубриката *Статии и прилози* има 10 написи.

*За некои основни стратегиски концепции на Народноослободителната војна и Револуцијата на Југославија* е првата статија, чиј автор е Михајло Апостолски. Во неа се разгледуваат следниве основни стратегиски концепции на

Народноослободителната војна и Револуцијата на југословенските народи и народности: КПЈ и нејзината идејно-политичка активност пред војната и во текот на НОВ и Револуцијата за подготвување на партиските организации, работничката класа и народот за револуција; угледот и големата доверба што КПЈ ја имаше во широките народни маси и што ја здоби уште пред војната, благодарение на нејзината борба за заштита на интересите на работничката класа, на широките народни слоеви и на угнетените народи и народности; материјалните подготовки за војната и револуцијата, како и за материјалните обезбедувања во текот на Народноослободителната војна и Револуцијата; грижата на КПЈ и на Врховниот штаб за подигање и оспособување на партиските кадрови за да можат да го поведат народот на востание; и најпосле реалното одредување целите на НОВ и Револуцијата, како примарен услов за покренување на народните маси на востание.

Потоа доаѓа прилогот на Бошко Станковски *Четврти јули 1941 — објава и заложба на нашата сегашност и иднина.* Ова всушност е негов говор одржан на 4 јули 1976 година во Кавадарци на десеттата јубилејна средба на борците и младината од 22 збратимени општини од сите југословенски социјалистички републики и покраини во кој накусо се набројуваат сите поважни етапи на народноослободителната борба на југословенските народи и народности, па и на македонскиот народ и народот од Тиквешијата, кои почнуваат со историскиот состанок на Политбирото на ЦК КПЈ на 4 јули 1941 година, под непосредното раководство на другарот Тито, и на кој е донесена историската одлука за почеток на вооружена борба на југословенските народи против фашистичките окупатори. Во написот се дава и порака дека овој историски ден не е само празник кој го славиме во знак на сеќавање на почетокот на славната народноослободителна војна и револуцијата, туку е и непосредна инспирација за остварување на целите и задачите што ни ги поставува сегашново време во изградба на нашата самоуправна социјалистичка заедница.

Д-р Владо Ивановски е автор на третиот прилог кој го носи насловот *Советувањето во Столице и положбата во Вардарска Македонија во септември 1941 година.* Во уводниот дел на статијата накратко се говори за најважното советување во текот на Народноослободителната војна и народната револуција на југословенските народи и народности 1941 — 1945 година, т.е. за советувањето во Столице, кое е одржано на 26 септември 1941 година под раководството на Врховниот командант на народноослободителните партизански одреди на Југославија, Јосип Броз — Тито, со учество на командантите и членови на Главниот штаб за Југославија, команданти и членови на Главниот штаб на Србија, раководители на народноослободителното движење на Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија и други раководители на пратизанските одреди (претставник од Македонија немало поради досега сè уште неразјасне-

ти причини); за содржината на работата и донесените заклучоци на Советувањето, а потоа опширно се изнесува положбата во Вардарска Македонија по окупацијата во 1941 година, во која, поради предавството на тогашниот секретар на КПЈ за Македонија Методија Шаторов — Шарло, кој самоволно ја приклучува организацијата на КПЈ за Македонија кон Бугарската работничка партија (комунисти), комунистите на Македонија се нашле пред многубројни тешкотии. Во статијата опширно се говори и за помошта на ЦК КПЈ и лично на Генералниот секретар на ЦК КПЈ Јосип Броз — Тито што е дадена на Партиската организација во Македонија како за средување на положбата што е предизвикана од споменатото предавство на Шарло (негово сменување од раководството на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија и исклучување од редовите на КПЈ, расчистување на мешањето на БРП (к) во работата на Партиската организација во Македонија преку ИК на Коминтерната, формирање на ново раководство на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија), така и за организирањето на партизанските одреди во Македонија, со давање на конкретни напатствија. Авторот заклучува дека во екот на подготовките на Советувањето во Столице ЦК КПЈ ѝ посветува полно внимание и дава огромна и конкретна помош на Партиската организација во Македонија, а писмото на ЦК КПЈ од октомври 1941 година, испратено до новото раководство на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија и дадените напатствија во него за организирање на партизанските одреди во Македонија, всушност се Заклучоците од Советувањето во Столице.

Под наслов *Некои оценки на советската периодика од времето на Втората светска војна за борбата на југословенските народи (1941 — 1945)* д-р Растислав Терзиоски, врз основа на проучувања на советскиот дневен печат, периодика и посебна литература, а особено на некои позначајни списанија ( како „Комунистичка интернационала“, Болшевик“, „Славјане“ и др.), а при недостиг на достапна изворна и архивска граѓа од која целосно би се согледал ставот на советската јавност за настаните во Југославија во споменатиот период — дава поширок избор на искажувања и оценки во споменатите списанија кои даваат релативно јасна слика за настаните во Југославија и заслужено место на борбата на југословенските народи против фашистичките освојувачи и окупатори, истакнувајќи ја секогаш како борба на која треба да се угледаат сите поробени народи во Европа и светот.

Како што е познато, бугарските владеачки кругови и Егзархијата безмилосно се пресметувале со сите македонски дејци кои со својата активност ја развивале македонската национална мисла. За едно такво пресметување станува збор и во написот на д-р Славко Димевски кој го носи насловот *Присуството на Теодосиј Гологанов во развојот на македонската национална мисла во епохата на национално-револуционерното движење.* Авторот во

статијата изнесува дека Теодосиј Гологанов, поради својата дејност и обиди за обнова на Охридската архиепископија како македонска национална црква, во јануари 1892 година бил сменет од скопската митрополитска катедра и од страна на Бугарската егзархија бил испратен на принуден престој во Бугарија. Со оглед на тоа дека бугарските владеачки кругови и бугарската егзархија сметале дека тој бил виновен и за сите обиди на националноослободителното движење за ослободување од присуството на бугарската национална пропаганда во Македонија, тој бил не само ограничен во своето движење и под постојана бугарска присмотра, туку од споменатото сменување па до Балканската војна постојано бил преместуван од место во место. Се разбира, тие со овие мерки, со кои ја оневозможувале неговата македонска национална дејност, сами се мамеле кога сметале дека ќе го запрат одот на националниот развој на еден цел народ и дека ќе можат непречено да го денационализираат и асимилираат.

Во статијата *Прилог кон прашањето на положбата на македонските революционери Петар Поп Арсов, Мише Развигоров и Ал. Коцев во злогласниот турски затвор Подрум — Кале* авторот м-р Михајло Миновски пишува за настаните во источниот дел на Македонија кон крајот на 1897 година по убиството на богатиот Турчин од Виница, Ќазим бег, познати под името Виничка афера, во која прилика била откриена и локалната мрежа на Револуционерната организација. По убиството турската власт презела масовен терор и репресалии против населението од овој крај на Македонија за која цел во почетокот на 1898 година формирала и специјален воен суд, кој објавил дека „најопасни елементи биле учителите и свештениците“. Поради ова, таа прво осудува на смрт, а потоа на доживотна робија, десетина политички затвореници меѓу кои и Петар Поп Арсов, главен учител во Штип Мише Развигоров, учител во Штип, и Ал. Коцев и ги испраќа во злогласниот турски затвор Подрум — кале, близу Смирна. Со оглед на нивната безнадежна положба, тие во затворот се одлучуваат на рискантен чекор и во 1899 година му испраќаат отворена дописна картичка на австроунгарскиот конзул во Скопје, која цензурата не ја забележала. Во неа тие молат да се заинтересираат за нив пред турските власти во Цариград. Меѓутоа, Австро-Унгарија во тоа време била повеќе заинтересирана да ги зачува добрите односи со Османската империја, па за да не им наштетат на тие односи, немала никаков интерес да презема чекори за спасување на македонските револуционери.

Во поновата македонска историја Кресненско — Разлошкото востание од 1878/79 година зазема важно место. Во него зеле учество и виден број доброволци од други земји кои дале мошне значаен придонес за развитокот на востанието. За еден таков доброволец, Словенец — учесник во ова востание, кој еден значаен дел од својата револуционерна посветеност ја одделил на македонското ослободително дело, пишува Христо Андонов —

Полјански во написот *Учеството на Мирослав Хубмаер во Кресненско — Разлошкото востание.*

Николае Чакир (Букурешт) е автор на статијата која носи наслов *Романија — Активен фактор во борбата за национално ослободување на балканските народи (1856 — 1878).* Тој во неа изнесува дека откако во периодот од Парискиот мировен договор (1856) до Берлинскиот конгрес (1878) Романија дефинитивно ја отфрлила Отоманската супремација и го завршила своето доконституирање како независна држава, во тој период од над две децении таа дава значителен прилог во националноослободителните борби на другите балкански народи, а особено на соседните балкански народи — српскиот и бугарскиот, наведувајќи и конкретна помош: давање засолниште на избегнати Бугари, Срби и Македонци; материјално помагање на истите; дозволува преку нејзина територија во Србија да минуваат бројни доброволци, оружје, муниција, храна и лекови; на нејзина територија се обучуваат бугарски доброволечки одреди од кои се формира јадрото на бугарската војска и др.

*Современите општествени истражувања на Варшавскиот и Јагелонскиот универзитет во Краков* е прилог за кој пишува проф. Јаким Синадиновски. Тој е составен од два дела: во едниот се прикажани современите општествени истражувања на Варшавскиот, а во другиот — современите општествени истражувања на Јагелонскиот универзитет во Краков. Врз основа на досега објавените научни публикации од областа на социолошките, етнолошките и економските истражувања во повоениот период на Полска, авторот ги систематизира истите на оние кои се однесуваат на макро-структурните и оние на микро-структурните проблеми во современиот живот и развиток на Полска и полското општество, укажувајќи на бројните и разни тенденции во повоениот развој на современите општествени истражувања во Полска.

Последната статија во оваа рубрика е од проф. д-р Стјепан Антољак. Нејзиниот наслов е: *За пченката во нашите краишта се знаело уште пред откривањето на Америка.* Во овој напис се изнесува дека на катедралата во св. Лоренц во Трогир постои т.н. Радованов портал, украсен со релјефи, изработен во 1240 година, веројатно од Трогирчанец по име Радован. На него се врежани и растителни украси меѓу кои се истакнува глетка на која „орелот убива вепар", а под чељуста и зад задната нога на вепарот се наоѓаат релјефно изработени растенија со дебели тркалезни зрна кои претставуваат два кочана од нашата пченка. Авторот наведува и мноштво други аргументи од кои се гледа дека пченката во нашите краишта била позната уште пред откривањето на Америка.

Во рубриката *Материјали* има три написа. Во првиот, под наслов *Еден автентичен глас на македонските состојби од почетокот на 1903 година во „казанский деятел"* Симон Дракул нѐ запознава со опширни извадоци и свој коментар со едно предавање одржано на 19 февруари 1903 година во Образователниот дом на Трговско-индустриското општес-

тво на Алафузовските фабрики и заводи во Казан, кое е веднаш објавено во списанието „Казанский деятел“, а потоа отпечатено и како сепарат од 10 страници на голем формат (Симон Дракул сепаратот го нашол во московската библиотека „Ленин“). Предавањето, односно сепаратот, носи наслов „Императорот Александар II, Јужните Словени и Македонија“, а авторот е анонимен и е потпишан со иницијали А. А. Анонимниот автор на предавањето се прикажува како голем познавач на Македонија и дава еден објективен и потресен приказ за вистинската и тешка политичка, економска, верска и културна положба на македонскиот народ под турската власт; ги наведува внатрешните и надворешните фактори кои му ја отежнуваат и ја пречат борбата за ослободување; дава свое мислење дека „единствено можно разрешавање на македонскиот проблем претставува примената кон Македонија, како што претпоставуваат учените, начинот на ослободувањето на Крит... при што христијаните ќе бидат сосема ослободени од муслиманското иго. Ова ќе им стави крај на нивните вековни страдања под турското иго, и ќе им даде можност слободно, по петвековното тешко ропство, да се развива нивната народна самобитност...“ и упатува на крајот апел до руската јавност да ја помогне таа борба, со една посредна опомена за непрепорачливите начини на вмешување, „кои може да се одразат кобно“.

Автор на вториот напис во оваа рубрика е Ѓорѓи Миљковиќ. Тој пишува на тема: *Од оставината на македонскиот социјалист и револуционер Никола Петров Русински.* Во написот најпрвин во кратки црти се дадени биографски податоци за овој македонски социјалист и револуционер и поважни моменти од неговата револуционерна активност, а потоа се опишува една карта (дрвен сад за чување вино, со димензии од 28 X 19 см). Картата на едната страна има цртеж со ликот на Карл Маркс под кој е испишано името на овој основувач на научниот социјализам—комунизам, а над неговата глава од двете страни се длаборезани два цвета од сончоглед, што симболично го претставува изгрејсонцето. На другата страна на картата е прикажан цвет во круг и лисје околу него со симболично значење. Картата претставува уште едно сведоштво за животното определување на Никола Петров Русински кон социјалистичкото и работничко движење и за Марксовото учење.

*Турско воено знаме од втората половина на XIX век* е последниот напис во оваа рубрика и нејзините автори Стефан Пиперковски и Кемал Аручи пишуваат за еден музејски експонат од народниот музеј во Штип, кој претставува турско знаме од втората половина на XIX век. Тие го опишуваат изгледот и содржината на знамето преведувајќи ги и текстовите, кои се пишувани со старотурски букви. Непознатиот автор на знамето ги извезол имињата на Мухамедовите наследници кои се прогласиле за калифи и со борби ја обединиле Арпаската држава, испишал доста текст со цитати од Коранот, а се заклучува и тоа дека знаме-

то му припаѓало на гранката Хајати од халветскиот дервишки ред. Знамето претставува посебен интерес за историјата на македонскиот народ, за воената историја и за музеите воопшто.

Единствениот прилог во рубриката *Сеќавања* има наслов *Фази на организирање на политичките затвореници во Обласниот централен затвор во Битола, со дешифрирање на илегалните документи за орагинзационофинансиската работа на затворскиот комитет на КП на Македонија.* Автор на прилогот е Мишко Божиновски. Излагањето е поделено на две глави. Првата глава носи наслов „Општ преглед на времето, глобалната социјална структура и искуството на политичките затвореници" и во неа се зборува за поделбата на територијата на Македонија што се наоѓаше во рамките на бивша Југославија, по окупацијата меѓу окупаторите; за формирањето на Обласниот централен затвор во Битола во 1942 година ( како последица на растечкиот масовен и организиран отпор на населението против окупаторската власт воден од КП); за фазите за организирање на затворените комунисти и другите припадници на народноослободителното движење за посмислено дејствување, отпор и борба против окупаторот во затворски услови, како и за фазите низ кои таа организација минувала, наведувајќи ги и формите, методите и содржината на работата. Втората глава, која носи наслов „Дешифрирање на илегалните белешки од организационата шема на затворскиот комитет" има две подзаглавија: „Состојбата на политичките затвореници и членови на КП по ќелии, место и околии" и „Финансискиот дел од состојбата создадена од приходите по основ на партиска членарина". Во оваа втора глава авторот всушност ги изнесува своите ретко грижливо водени белешки што ги правел илегално за целото време на својот престој во битолскиот Обласен централен затвор како политички затвореник и успеал со голема претпазливост и личен ризик да ги сочува од затворските власти до ослободувањето. Овде се изнесуваат имиња и презимиња, односно прекари на 32 комунисти од три затворски ќелии, како и имиња и презимиња, односно прекари со нивните места на живеење пред да паднат во битолскиот затвор на 97 политички затвореници. Прикажан е и преглед на собраната членарина по месеци и ќелии, како и преглед на набавени материјали (предмети) на сметка на членарината со изнесени салда. Како документација дадени се и 6 факсимили од оригиналот на илегалните белешки.

Во останатите рубрики објавени се повеќе написи, и тоа: во рубриката *Критика* — 3, во *Библиографија* — 1 во *Рецензии и прикази* — 8, во *Научни собири* — 5 и во *Соопштенија* — 1.

Содржината на овој број на „Гласник"-от претставува драгоцена граѓа за нашите научни работници, во прв ред историографи, за проучување како на Народноослободителната борба и Револуцијата на југословенските народи и народности, така и на револуционерното минато на македонскиот народ.

Ксенија ЦИДРОВА—МАКЕДОНСКА